13	Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти, кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма од државната матура или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување		Условите за запишување на сите студенти се исти и ќе бидат наведени во Конкурсот кој го објавува Докторската школа при УКИМ. На третиот циклус од студиите по физика, може да се запишуваат кандидати кои завршиле студии од вториот циклус по физика и сродни науки, со вкупно освоени 300 кредити од претходното образование.
14	Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Национална Рамка на Квалификација		Трет циклус на студии (VIII)
15	Научен назив кој се стекнува по завршувањето на студиската програма	На македонски јазик	Доктор по ФИЗИЧКИ НАУКИ
		На англиски јазик	PhD in Physics
		На јазикот на која се изведува наставата	Доктор по ФИЗИЧКИ НАУКИ
16	Место на реализирање на наставата		Природно-математички факултет
17	Број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма		20
18	Број на ментори	Акредитирани	13
		број на поднесени барања за ментор	
			1
19	Јазик на којшто ќе се изведува наставата		Наставата се изведува на македонски јазик. Во случај на упис на странски кандидати наставата по сите предмети може да се изведува и на англиски јазик.
20	Можност за изведување на наставата на странски јазик (прозорци на мобилност-наставни предмети што можат да се реализираат на англиски јазик)		Согласно Член 139, став 10 од Законот за високото образование, во делот на задолжителните и изборните наставни предмети, постојат и „прозорци за мобилност" – сите наставни предмети (задолжителни и изборни) можат да се реализираат и на англиски јазик.
21.1	Начин на студирање (редовни, вонредно студирање)		Редовно и вонредно
21.2	Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма		нема (во договор со предметните наставници)
22	Информација за продолжување на образованието		Пост-докторски студии
23	Учебна година во која ќе започне реализацијата на студиската програма		2026/27
24	Роковите за звршување на предвидените активности од студиската програма		3 години (6 семестри)
25		на последна акредитација од Одборот за Акредитација	08-298/6 од 18.8.2021 г.

	Број и датум на Решение (доколку се поднесува за реакредитација)	за почеток со работа на студиската програма од МОН на Република Северна Македонија (за акредитации пред 2018 год)	
		за почеток со работа на студиската програма од ВЛАДА на Република Северна Македонија (за акредитации после 2018 год)	40-9899/1 од 21.9.2021 г.

4. Оправданост за воведување на студиската програма

Институтот за физика е наследник Катедрата за физика физиката која била формирана на 3 декември 1946 година во составот на Природно - научниот оддел на Филозофскиот факултет при Универзитетот Св. Кирил и Методиј, Скопје, основан на 29 ноември 1946 година.

Природнонаучните дисциплини се оддвојуваат од Филозофскиот факултет во 1958 година и се формира Природно - математичкиот факултет. Следната позначајна реорганизација се случува во 1976 година кога од Институтот за физика од ПМФ, катедрите за физика од Универзитетот "Кирил и Методиј" и Сеизмолошката опсерваторија се формира Факултетот за физика којшто постои до 1985 година кога повторно се формира Природно-математичкиот факултет и кој функционира до денес и наликува на своевиден универзитет.

Што се однесува до научноистражувачката работа на полето на физиката, првиот труд е публикуван во Годишниот зборник на Природно - научниот оддел на Филозофскиот факултет за 1948 година. Оттогаш па наваму, професорите и асистентите на Институтот за физика ги објавуваат своите научни трудови не само во домашните списанија туку, и во реномирани странски списанија од повеќе области од физиката и покрај скромните услови за научна работа, како лаборатории, апаратура, фонд на списанија и книги.

Постдипломските студии по физика на ПМФ се започнати во 1969 година и тие се меѓу првите кои се организирани на нашиот Универзитет. Студиите се организирани во две насоки: физика на тврдо тело и физичка оптика, а во наставата се вклучени професори од Институтот и од Свеучилиштето во Загреб и Белградскиот универзитет. Подоцна се отворени уште три насоки: насоката за сончева енергија, за теориска физика и за методика на наставата по физика. Првиот докторат по физички науки на Институтот за физика е одбранет во 1960 година од Георги Мавродиев по наслов: ,,Исправителни дејства во чист бунзенов пламен''. Научната работа на Институтот се одвива преку научни проекти финансирани од домашни институции и од меѓународни извори, бидејќи Институтот соработувал со повеќе универзитети надвор од земјава.

Новите откритија и сознанија од областа на физичките науки ја наметнуваат потребата за нивно имплементирање во наставните програми на третиот циклус. На тој начин, студентите од третиот циклус на студии ќе се здобијат со нови, современи знаења кои би можеле да ги применат во научно-истражувачките, апликативните и едукативните процеси поврзани со нивното професионално ангажирање.

Одржувањето на студиската програма по физика од трет циклус има за цел да обезбеди покриеност на еден од основните фунадаменти на науката на највисоко ниво на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј". Таа е неопходна за одржувањето на високото реноме на универзитетот, којшто е единствениот во Република Македонија којшто има

самостојни студии по физика од сите циклуси на високото образование. Опстојувањето и натамошното развивање на овие студии е неопходен услов за забрзување на научно-технолошкиот развиток на Република Македонија и за довршувањето на процесот на Европските интеграции.

Специфична цел на измените и дополнувањата на студиската програма од трет циклус студии на Институтот за физика при Природно-математичкиот факултет е да се надополни списокот на изборни предмети со нови предмети коишто во меѓувреме биле подготвени и за коишто потенцијалните студенти покажале интерес и да внесат измени и дополнувања на постоечката студиска програма согласно Законот за Високото Образование од 2017 година, а со кој се регулира третиот циклус на студии.

4. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри

Дефинирањето на профилите во студиската програма за третиот циклус студии од областа Физика, во основа се темели на две начела:

I. програмата треба да оспособи кадри за научно-истражувачка работа од една фундаментална научна област, подготвени да се вклопат во глобалниот простор на современата наука, и
II. да обезбеди стекнување на потесна стручност од области, потребни за пазарот на трудот.

Поради ова, при предлагањето на изборните предмети, беше строго водено сметка содржините да ги покриваат современите научни гранки од областа на физиката, како теориски, така и експериментални, но и за обезбедување на насоченост и потесна стручност на кандидатите, што ќе ги направи конкурентни на пазарот на трудот во земјата и во Евтропа. Во оваа смисла, соодветно за VIII академски степен, студиската програма опфаќа содржини коишто профилираат кадри оспособени за самостојна научно-истражувачка работа, преку предметите од подрачјето на теориската физика, физиката на тврдото тело, астрономијата и астрофизиката, и стручњаци од областите на применетата физика, медицинската физика и метеорологијата, што е во согласност со барањата на пазарот на трудот.

Така, на пример, групата предмети од областа на **теориската физика**, како што се предметите од доменот на математичкото моделирање на физичките процеси, квантната механика и статистичката физика, има за цел да обезбеди научници подготвени самостојно да водат фундаментални научни проекти и да остваруваат домашни и меѓународни соработки. Солидната теориска подготовка на нашите кандидати ќе ги оспособи за вклопување во истражувањата од сродните теориски дисциплини, но исто така ќе им обезбеди и комплементарност со експерименталните дисциплини.

Групата предмети од доменот на примената на **компјутерските симулации во физиката**, пред се од делот на нелинеарната динамика, физиката на комплексни системи и електронската структура на материјалите, овозможува профилирање на научници и стручњаци подготвени за примена на современите нумерички методи, како и користење на моќните компјутерски ресурси, како што се компјутерските кластери за опсежни пресметки и анализи, без коишто не може да се замисли современата наука.

Понатаму, групата предмети од **медицнската физика** ќе обезбеди научници кои ќе можат самостојно да применуваат процедури кои што вклучуваат јонизирачко зрачење за дијагностички цели или за терапевтски цели. Воедно тие ќе може да работат во медицинските инситуции каде што ќе бидат надлежни за спроведување на законските одредби и стандарди за обезбедување на квалитет и заштита од зрачење во

истражувачки центри чија област на истражување е медицинските имиџинг техники или радиотерапијата.

Групата предмети од **астрономијата и астрофизиката** ќе обезбеди научници кои ќе можат самостојно да анализираат и толкуваат резултати добиени од лабораториски астрофизички експерименти, или од астрономски бази, како и да прават теориски истражувања и моделирање на структурата на ѕвездите.

Групата предмети од областа на **применетата физика** покрива две значајни насоки во современите истражувања поврзани со развојот на новите технологии, како во европски рамки така и пошироко. Првата се однесува на проучување на својствата на напредните материјали и разни структури базирани на нив (органски спроводници и суперспроводници, материјали што манифестираат фотоспроводливост, електрохромизам, меки материјали,, хетероструктури за примена во микроелектрониката и сл.). Оваа група предмети е фокусирана на стекнување на неопходните знаења и практични вештини поврзани со експерименталните техники кои се користат за физичка карактеризација на материјалите, вклучувајќи ја и карактеризацијата на структури со нанометарски димензии, како и уредите во кои тие се вградени. Дополнително, студентите може да изберат и теориски ориентирани предмети во кои се изучуваат техниките на компјутерско симулирање на својствата на материјалите, кои се комплементарни на експерименталните и денес претставуваат составен дел од праксата на применетите физичари. Паралелно со процесот на стекнување на формални знаења, студентите се обучуваат да пишуваат извештаи, усно да ги презентираат своите резултати, да подготвуваат поднесоци за научно-истражувачки проекти и активно да учествуваат во процесите на меѓународна соработка. Стекнатите знаења и вештини им обезбедуваат компетенции за самостојни научно-истражувачки и апликативни активности ориентирани кон примената на физиката во неколку различни техничко-технолошки правци. Овие кадри ќе бидат добредојдени во развојните лаборатории на редица компании во земјава, главно странски капитал, но можат да бидат од исклучителна корист за домашните старт-ап и спин-оф компании кои допрва треба да се пласираат на меѓународниот пазар. Знаењата поврзани со примената на софистицирани експериментални техники, како и процесите на калибрација на мерните инструменти, ги прави подобни за работа во метролошките лаборатории во индустријата, но и во разни јавни установи чија работа вклучува прецизни мерења.

Покрај оспособеноста за научно-истражувачка работа, кандидатите ќе бидат се стекнат и со преносливи вештини и оспособеност за пренесување на знаењата со примена на современите методи и пристапи во наставно-образовната дејност во високото образование на Македонија, на универзитети, на коишто е застапена физиката и сродните научни дисциплини, научно-истражувачките институти и во индустријата, каде што постојат научно-истражувачки лаборатории.

5. Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции

5.1. Споредбена анализа на докторските студии по ФИЗИКА на УКИМ со неколку од најдобрите универзитети во Европа

Студиската програма е усогласена со современите светски трендови и состојбата на професијата и науката на соодветно образовно-научно и е споредлива со слични програми на

странски високообразовни институции, особено во рамките на европскиот образовен простор. Заеднички именител за повеќето студиски програми за трет циклус студии по физика во единствениот европски простор за високо образование е оспособувањето на кандидатите за самостојна научна работа и тоа преку совладување на теориските основи, вклучувајќи ги напредните методи за математичко моделирање, како и компјутерските симулации на физичките појави и процеси, од една страна, и обучување за користење современи експериментални техники, од друга. Студиската програма што се предлага со овој елаборат содржи изборни предмети, чиишто содржини се добро избалансирани за да ги покријат различните истражувачки полиња, коишто најчесто се појавуваат во студиските програми по физика на други универзитети, а тоа се теориската физика (математички модели, квантна механика и статистичка физика), физиката на кондензирана материја (како теориска, така и експериментална), нанонауката, оптиката и физиката на ласерите, астрономијата и астрофизиката, и медицинската физика и биофизиката.

Имајќи го предвид начинот на организација на студиите, времетраењето и истражувачките области, коишто се покриени со изборните предмети во рамките на студиската програма ФИЗИКА, најголемо совпаѓање може да се најде со студиските програми, дадени во Табела 5.

Табела 5. Институции односно студиски програми преку кои се потврдува **у**согласеноста на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции

	Назив на институција	**Назив на студиска програма со која се обезбедува споредливост**	**Линк до студиската програма**
1.	Универзитет во Загреб, Природно-математичкиот факултет, Хрватска	Докторски студии по физика	https://www.pmf.unizg.hr/phy/nastava/pds/plan
2.	Универзитет во Белград, Физички факултет, Србија	Докторски студии по физика	http://www.ff.bg.ac.rs/KnjigaPredmeta2022/KnjigaPredmetaDoktorske/KnjigaPredmetaDoktorske.htm http://www.ff.bg.ac.rs/Pravilnici/PravilnikDoktorske.pdf
3.	Универзитет во Трст, Италија	Докторски студии по физика	https://phd.units.it/en/dot1333595/course
4.	Универзитет во Болоња, Италија	Докторски студии по физика	https://phd.unibo.it/physics/en
5.	Универзитет во Букурешт, Факултет за физика, Романија	Докторски студии по физика	https://doctorat.fizica.unibuc.ro/Doctorat/Main.php

6. Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Национална рамка на квалификации:

Ниво во Националната рамка на високообразовните квалификации		Високо образование	Ниво во Европската рамка на високообразовни квалификации
VIII			8
		Трет циклус на студии-докторски студии	

7. Цели на студиска програма и резултати од учење кои означуваат успешно завршување на третиот циклус на студии (180 ЕКТС) и се доделуваат на лице кое ги исполнува следните дескриптори на квалификациите:

7а. Општи дескриптори на квалификации за трет циклус на студии со 180 ЕКТС, за студиската програма поднесена за (ре)акредитација, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	Покажува високо ниво на систематизирано знаење за физичките закони и разбирање на феномените кое се надоградува на знаењето од прв и втор циклус студии, применувајќи научни методи за решавање на сложени проблеми од разни области во физиката. Ја разбира физичката природа на проблемите што треба да се решат и ги знае постапките кои треба да се применат за решавање на проблемите. Знае и ги разбира современите текови во физиката.
Примена на знаењето и разбирањето	- Умее да истражува современа литература, да прави критички осврт и за носи заклучоци за потребите од идните истражувања. - На природните појави гледа од научен аспект, за нивно објаснување се служи со научниот метод. Користејќи го јазикот на математиката, математички и физички модели, симболичка, логичка, графичка и статистичка анализа умее да решава проблеми и да ги толкува нивните решенија. - Осмислува, подготвува и прави истражувања. Притоа, користи соодветни алатки. Способен е да го води истражувањето до поставените истражувачки цели. - Применува математички и статистички методи за моделирање и анализирање резултати. - Ги одбира и организира битните информации и ги соопштува јасно и прецизно, на различни начини користејќи научна терминологија. - Знае да ги толкува резултати добиени истражувањата.
Способност за проценка	- Го следи развитокот на современата физика и прави проценка за потребите од новите истражувања. - Проценува дали текот на истражувањата е во склад со востановените етичките и морални норми на европскиот истражувачки простор. - Проценува кои фактори влијаат на процесот на истражување и врз основа на тоа одбира соодветен пристап. - Донесува одлуки за подобра организација на истражувањата. Одлучува во сложени и непредвидливи ситуации. - Знае да ги процени ризиците кои влијаат на истражувањето и да ги надмине со соодветни мерки. - Критички се однесува кон изворите на информации и литературата. - Покажува способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области и поставување на нови методи базирани врз научна основа.

Комуникациски вештини	- Способен е за вербална и невербална комуникација, но знае да користи и други средствата за комуникација. - Умее да се служи со насовремени методи за аудио-визуелна презентација на своите истражувачки резултати и компетентно да влегува во критичка дискусија, да дебатира на темата и да го брани мислењето. - Покажува подготвеност да учествува во работата на поширокаta општествена заедница да разменува информации, мислења, да комуницира на дадена тема со јавните гласила, за проблеми и нивните решенија, и тоа точно и ефективно користејќи писмена, визуелна или нумеричка форма, на начин прикладен на целта и слушателите.
Вештини на учење	- Ја разбира потребата за доживотно учење и ги користи сите расположиви средства и можности за професионален развој во текот на целиот свој професионален век. - Следи тековна научна литература и поседува вештини за соодветна критична евалуација со цел усовршување во потесната дејност. - Демонстрира совладани вештини за учење – концентрација, читање, слушање, меморирање, следење на литература од примарни, секундарни, како и терциерни извори на информации. Ефективно го планира и користи времето.

7б. Специфични дескриптори на квалификации за трет циклус на студии со 180 ЕКТС, за студиската програма поднесена за (ре)акредитација, согласно со Уредбата за националната рамка на високообразовните квалификации

Тип на дескриптор	Опис
Знаење и разбирање	Студентите по завршување на студиите од третиот циклус треба да покажат високо ниво на систематизирано знаење и разбирање од соодветните научни области опфатени со студиската програма; Студентите треба да обезбедат пошироко знаење на научните теории, теориските модели и на експерименталните методи кои се применуваат во научните истражувања. Студентите треба да бидат потготвени за самостојно истражување во доменот на специфичните дисциплини, презентирање на резултатите од истражувањата, изработка на научни трудови; Студентите треба да развијат експертски вештини при дизајнирање на истражувањата и примена на методите во областа од интерес.

Примена на знаењето и разбирањето	Знаењата и вештините што студентот ги стекнува во овој циклус на студии успешно ги применува во научните истражувања за решавања на проблеми од физичките области опфатени со студиската програма. При тоа, применува математички и статистички методи за моделирање и анализирање на резултатите, осмислува, подготвува и прави нови научни истражувања. На проблемите гледа од научен аспект, за нивно објаснување се служи со научниот метод. Користејќи го јазикот на математиката, математички и физички модели, симболичка, логичка, графичка и статистичка анализа умее да решава проблеми и да ги толкува нивните решенија. Студентите се оспособени да работат со инструментите и уредите што се користат во научните области опфатени со студиската програма и истите да ги користат за научно-истражувачки цели. Студентите се оспособени за избор на соодветни научни теории и методолгии за евалуација и успешно да ги презентираат резултатите добиени од научно-истражувачката работа. Студентите се оспособени за планирање и изведување на значајни научно-истражувачки проекти.
Способност за проценка	Критички ги проценува стручните и научни идеи од физиката и изведува точни заклучоци. Покажува способност за иницирање на истражувачки проекти за нови откритија кои ќе генерираат нови знаења и вештини во полето на физиката и во својата потесна научна област; Поседува етичка свесност и способност за разбирање на проблемите од социјален тип коишто се конфронтираат со професијата и ги разбира етичките аспекти на истражувањето. Низ акциски истражувања ја проценува својата работа и прави соодветни измени за подобрување на резултатите.
Комуникациски вештини	Студентот стекнува вештина самостојно да пребарува по физички бази на податоци, научни статии и други извори, да ги идентификува потребните информации, да ги сортира и употребува за свои цели. Вешто комуницира со колеги од својата научна област на кои им испраќа свои резултати, дискутира и дава своја проценка за одредени теми. Оспособен е на експертската јавност на концизен и стручен начин, да ги пренесува во усна и во писмена форма, своите сознанија од истражувањата. При презентирањето дава одговори на специфични прашања со самодоверба и компетенција. Покажува одлична приспособеност при тимска научно истражувачка работа водејќи сметка за заедничките цели и почитување на временските рокови. При опишувањето на научната работа води сметка за авторството на добиените резултати и точно ги цитира користените извори без да ги нарушува правата на интелектуална сопственост. Студентот покажува одговорност во однесувањето кон природното опкружување и животната средина.

Вештини на учење	Студентот ја разбира потребата за доживотно учење и ги користи сите расположиви средства и можности за професионален развој; Покажува голема самостојност во определувањето на целите и постигањата на лични или тимски резултати; Појавува способност за пребарување и користење на физичка и друга научна и техничка литература, како и на сите други извори на информации релевантни за истражувачка работа и за развој на научно-истражувачки и развојни проекти; Користи средства за да биде информиран за новите методи и правци на развитокот и пружа стручни совети за подрачјето на нивната можна употреба; Појавува способност за навлегување во нови полиња преку независни истражувања и поврзување со сопствените претходни резултати.

8. Структура на студиската програма согласно правилникот за организирање на докторски студии на единицата, број на предвидени предмети и стекнати кредити, како и број на кредити стекнати со изработката на докторскиот труд.

Табела 8.1. Распоред на предмети/активности по семестри и години на студии

Структурата на студиската програма за докторски студии						
	семестар	Реден број или код	Назив на предмет/активност	Број на ЕКТС кредити		Припадност на предмет/активност согласно ЗВО
				Задолжителни предмети/активности	Изборни предмети	
1	ПРВ семестар	ДФИЗ26/301	Етика во научноистражувачката работа од областа	3		Академска обука
		ДФИЗ26/302	Методологија на научноистражувачката работа од областа	3		Академска обука
			Предмет за стекнување генерички знаења и вештини за истражување од универзитетска листа на изборни предмети		6	Академска обука
			Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења (Задолжителен или изборен)	0	6	Академска обука
			Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења (Задолжителен или изборен)	0	6	Академска обука
			Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења	0	6	Академска обука
Вкупно				**30**		
2	ВТОР семестар		Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења		6	Академска обука
			Предмет од студиската програма за стекнување напредни знаења		6	Академска обука

			Истражувачка работа под менторство (подготовка на предлог-докторски проект)	14		Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект)
			Прва годишна конференција	4		Предавања и друг вид на комуникациски активности
Вкупно				30		
3	ТРЕТ семестар		Предлог-докторски проект	27		Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект)
			Прв докторски семинар	3		Предавања и друг вид на комуникациски активности
Вкупно				30		
4	ЧЕТВРТИ семестар		Изработка на докторскиот труд	20		Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект
			Меѓународна мобилност	6		Меѓународна мобилност
			Втора годишна конференција	4		Предавања и друг вид на комуникациски активности
Вкупно				30		
5	ПЕТТИ семестар		Активности за објавувањето на два труда во референтна научна публикација	20		Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд[1]

			Учество на меѓународен собир	7		Објавување во референтни научни публикации и активно учество на меѓународни собири во врска со докторскиот труд
			Втор докторски семинар	3		Предавања и друг вид на комуникациски активности
Вкупно				30		
6	ШЕСТИ семестар		Трета годишна конференција	4		Предавања и друг вид на комуникациски активности
			Одбрана на докторскиот труд	26		Изработка и јавна одбрана на докторскиот труд врз основа на докторскиот проект
			Вкупно	30		

Табела 8.2. Изборни наставни предмети на студиската програма (во Листата се вклучуваат изборните предмети од студиска програма и наставни предмети кои се изведуваат на друга единица на универзитетот, согласно член 139 став 9 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ 82/18))

Ред. број	Код	Назив на предметот	Семестар	ЕКТС	Научна област на која му припаѓа изборниот предмет
1	ДФИЗ26/305	Физика на органски суперспроводници и спроводници	I или II	6	Физика
2	ДФИЗ26/306	Транспарентни спроводливи и фотоспроводливи филмови за фотоволтаици	I или II	6	Физика
3	ДФИЗ26/308	Физика на Сончевиот систем	I или II	6	Физика
4	ДФИЗ26/309	Електрохромизам	I или II	6	Физика
5	ДФИЗ26/310	Нелинеарна динамика на комплексни мрежи	I или II	6	Физика
6	ДФИЗ26/311	Електронска структура на материјалите: теорија и симулации	I или II	6	Физика
7	ДФИЗ26/312	Напредни методи за радиотерапија	I или II	6	Физика
8	ДФИЗ26/315	Фотоволтаични ќелии	I или II	6	Физика
9	ДФИЗ26/316	Фотометрија и спектрофотометрија на мали планети	I или II	6	Физика
10	ДФИЗ26/317	Физички принципи на напредните имиџинг техники во медицината	I или II	6	Физика
11	ДФИЗ26/318	Методи во истражувањата на тенките филмови	I или II	6	Физика
12	ДФИЗ26/319	Квантномеханички осцилаторни системи	I или II	6	Физика
13	ДФИЗ26/320	Компјутерски симулации во физиката	I или II	6	Физика
14	ДФИЗ26/321	Модулирање на ласерска светлина и примена	I или II	6	Физика
15	ДФИЗ26/322	Физичка оптика	I или II	6	Физика
16	ДФИЗ26/323	Физика на биомолекули	I или II	6	Физика
17	ДФИЗ26/324	Физика на биолошки системи	I или II	6	Физика
18	ДФИЗ26/326	Физика на ѕвезди	I или II	6	Физика
19	ДФИЗ26/327	Пренос на зрачење во ѕвездените атмосфери	I или II	6	Физика
20	ДФИЗ26/328	Основи на физиката на тенки филмови	I или II	6	Физика
21	ДФИЗ26/329	Електрично карактеризирање на полуспроводници	I или II	6	Физика
22	ДФИЗ26/330	Физика на меки материјали	I или II	6	Физика
23	ДФИЗ26/333	Статистичка физика на комплексни мрежи	I или II	6	Физика
24	ДФИЗ26/334	Биофизички модели	I или II	6	Физика
25	ДФИЗ26/335	Анализа на сигнали од нелинеарни динамички системи	I или II	6	Физика
26	ДФИЗ26/336	Нелинеарни осцилации и интеракции	I или II	6	Физика
27	ДФИЗ26/337	Мерење на радиоактивноста	I или II	6	Физика

28	ДФИ326/338	Стохастички процеси во комплексни системи	I или II	6	Физика
29	ДФИ326/339	Примена на фракциското сметање во физиката	I или II	6	Физика
30	ДФИ326/340	Нанокарактеризација на материјали	I или II	6	Физика
31	ДФИ326/341	Квантен транспорт	I или II	6	Физика
32	ДФИ326/342	Спинтроника	I или II	6	Физика
33	ДФИ326/343	Моделирање на атмосферата и нумерички симулации	I или II	6	Физика
34	ДФИ326/344	Атмосферски перспективи	I или II	6	Физика
35	ДФИ326/345	Напредна квантна метрологија	I или II	6	Физика
36	ДФИ326/346	Вовед во квантни материјали	I или II	6	Физика
37	ДФИ326/347	Спектроскопија	I или II	6	Физика
38	ДФИ326/348	Сеизмотектонски параметри и сеизмичка активност на расед	I или II	6	Физика
39	ДФИ326/349	Одбрани делови од сеизмологија	I или II	6	Физика
40	ДФИ326/350	Формирање и еволуција на галаксии	I или II	6	Физика
41	ДФИ326/351	Радијациона физика, дозиметрија и заштита од јонизирачко зрачење	I или II	6	Физика
42	U08S06P02/26	Улогата на астрономијата во културата и општеството	I	6	Физика

Табела 8.3. Прозорци на мобилност – наставни предмети кои можат да се реализираат и на англиски јазик согласно член 139 став 10 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18)

НЕМА

	Назив на предмет	**Наставник**	**Година/Семестар**	**ЕКТС**
1.				
2.				
3.				
4.				

Табела 8.4. Преглед на застапеност на задолжителните предмети/активности и изборните предмети на студиската програма.

Семестар	Број на задолжителни предмети/активности	Број на изборни предмети	Вкупно предмети
I	2	4	6
II	2	2	4
III	2	/	2
IV	3	/	3
V	3	/	3
VI	2	/	2
Вкупно	14	6	20
% застапеност	70%	30%	100%

Табела 8.5. Преглед на процентуалната застапеност на задолжителните предмети и изборните предмети.

Ред бр.	Траење на студиите (години)/ вкупен број на ЕКТС на студиската програма	Вкупна оптовареност изразена преку ЕКТС		Оптоварност за изборни предмети изразена преку ЕКТС	
		А Вкупен број на ЕКТС од наставните предмети	А1 Процентуална застапеност на ЕКТС од наставните предмети на студиската програма	**В** Вкупен број на ЕКТС од изборни наставни предмети	В1 Процентуална застапеност на ЕКТС од изборните наставни предмети во однос на вкупниот број на ЕКТС на студиската програма
1.	3 години 180	**180**	**100%**	**36**	**(B/A)*100=% 20%**

8.1. Правила и начин на избор на изборни предмети со можност за избор на предмети од други акредитирани студиски програми

Начин на избор на изборни предмети од студиска програма
Се избираат во договор со менторот.
Начин на избор на изборни предмети од универзитетска листа
Студентите може да изберат предмети за стекнување генерички знаења од универзитетската листа. Предметите се избираат во договор со менторот и со раководителот на третиот циклус студии.

8.2. Рокови за завршување на предвидените активности од студиската програма

3 години (6 семестри)

Рокови на завршување на студиите според условите и студиската програма на која се запишале

Во рок од 6 години, од денот на почетокот на семестарот во кој се запишал на докторски студии, студентот е должен да ги положи сите испити и да ги заврши другите обврски утврдени со студиската програма и да го одбрани докторскиот труд.

По истекот на овој рок, студентот го губи статусот на студент на докторски студии.

По исклучок, кога условите на истражувањето бараат подолго време, на барање на студентот и пред истекот на рокот за студирање, советот на студиската програма може да го продолжи рокот, соодветно на потребите, но не повеќе од 2 години.

Лицето кое го изгубило статусот на студент на докторски студии, може повторно да конкурира за запишување на докторски студии. На кандидатот на кој му е одобрено повторно запишување, може да му се признаат положените испити и реализираните активности на докторски студии, за што одлука донесува советот на студиската програма.

При повторно запишување, студентот плаќа полн износ на школарина, намален за износ што одговара на бројот на претходно признаените кредити од советот на студиската програма.

9. Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 29 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр.245/22)

Табела 9.1. Список на лица избрани во наставно-научни звања во работен однос со полно работно време на единица што бара (ре)акредитација на студиската програма односно доктори на науки во полето од научно-истражувачкото подрачје, од кои најмалку три се редовни или вонредни професори во областа (член 29 Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр.245/22))

	Име и презиме на наставникот	Поле на научно-истражувачкото подрачје на докторат	Научна област на избор во наставно-научно звање
1	Ненад Новковски	Физика	1.03.00.02 Физика на кондензирана материја
2	Наце Стојанов	Физика	1.03.00.03 Теориска физика
3	Александар Ѓурчиноски	Физика	1.03.00.03 Теориска физика
4	Драган Јакимовски	Физика	1.03.00.05 Атомска и молекуларна физика
5	Атанас Танушевски	Физика	1.03.00.02 Физика на кондензирана материја
6	Оливер Зајков	Физика	1.03.00.15 Образование по физика
7	Јулијана Велевска	Физика	1.03.00.07 Оптика
8	Владо Спиридонов	Физика	1.03.00.12 Метеорологија и физика на атмосферата
9	Мимоза Ристова	Физика	1.03.00.02 Физика на кондензирана материја
10	Гордана Апостоловска	Физика	1.03.00.08 Астрономија и астрофизика
11	Маргарета Пецовска – Ѓорѓевиќ	Физика	1.03.00.11 Биофизика
12	Даница Крстовска	Физика	1.03.00.03 Теориска физика
13	Олгица Кузмановска	Физика	1.03.00.08 Астрономија и астрофизика
14	Сузана Топузоски	Физика	1.03.00.07 Оптика
15	Александар Скепаровски	Физика	1.03.00.02 Физика на кондензирана материја
16	Ирина Петреска	Физика	1.03.00.03 Теориска физика
17	Ламбе Барандовски	Физика	1.03.00.04 Нуклеарна физика
18	Боце Митревски	Физика	1.03.00.15 Образование по физика
19	Ристе Попески-Димовски	Физика	1.03.00.11 Биофизика
20	Елена Вчкова Бебековска	Физика	1.03.00.08 Астрономија и астрофизика
21	Јана Богданоска	Физика	1.03.00.08 Астрономија и астрофизика
22	Катерина Дрогрешка	Физика	1.03.00.09 Геофизика
23	Јасмина Најдовска	Физика	1.03.00.09 Геофизика
24	Драгана Черних	Физика	1.03.00.09 Геофизика
25	Елена Бебекоска	Физика	1.03.00.08 Астрономија и астрофизика

10. Список на наставен кадар со податоци наведени во членот 7 (Прилог бр.4) од Правилникот за содржината за студиските програми ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр.79/2023) и член 61 став 3 од Закон за високо образование ("Службен весник на Република Македонија", бр.82/2018)

Табела 10. Список на наставници предвидени за реализација на студиската програма

Ред. бр.	Наставник	Назив на наставен предмет/активност за кој е ангажиран на трет циклус	Семестар
1.	Проф. д-р Благоја Вељаноски	1. Етика во научно-истражувачката работа од областа	I (прв)
2.	Проф. д-р Ненад Новковски	1. Напредна квантна метрологија 2.Електрично карактеризирање на полуспроводници	I (прв)
3.	Проф. д-р Оливер Зајков	Методологија на научно- истражувачката работа од областа	I (прв)
4.	Проф. д-р Атанас Танушевски	Транспарентни спроводливи и фотоспроводливи филмови за фотоволтаици 2. Фотоволтаични ќелии	I или II
5.	Проф. д-р Јулијана Велевска	1. Електрохромизам	I или II
6.	Проф. д-р Маргарета Пецовска – Ѓорѓевиќ	1. Физика на биомолекули 2. Физика на биолошки системи	I или II
7.	Проф. д-р Мимоза Ристова	1. Современи методи во радиотерапијата (50%) 2.Физички принципи на напредните имиџинг техники во медицината (50%) 3. Методи во истражувањата на тенките филмови	I или II
8.	Проф. д-р Владо Спиридонов	1. Атмосферски перспективи 2. Моделирање на атмосферата и нумерички симулации	I или II
9.	Проф. д-р Наце Стојанов	1. Компјутерски симулации во физиката	I или II
10.	Проф. д-р Гордана Апостоловска	1. Физика на Сончевиот систем 2. Фотометрија и спектрофотометрија на мали планети 3. Улогата на астрономијата во културата и општеството (50%)	I или II I или II I
11.	Проф. д-р Александар Скепаровски	1. Основи на физиката на тенки филмови 2. Квантен транспорт (50%) 3.Нанокарактеризација на материјали (50%)	I или II I или II I или II
12.	Проф. д-р Даница Крстовска	1. Вовед во квантни материјали 2. Физика на органски суперспроводници и спроводници	I или II I или II
13.	Проф. д-р Олгица Кузмановска	1. Физика на ѕвезди 2. Пренос на зрачење во ѕвездените атмосфери 3. Улогата на астрономијата во културата и општеството	I или II I или II I
14.	Проф. д-р Сузана Топузоски	1. Физичка оптика	I или II I или II

		2. Модулирање на ласерска светлина и примена	
15.	Проф. д-р Александар Ѓурчиновски	1. Нелинеарна динамика на комплексни мрежи 2. Примена на фракциското сметање во физиката (50%)	I или II I или II
16.	Проф. д-р Ирина Петреска	1. Електронска структура на материјалите: теорија и симулации 2. Квантномеханички осцилаторни системи 3. Стохастички процеси во комплексни системи (50%) 4. Спинтроника (50%)	I или II I или II I или II I или II
17.	Проф. д-р Ламбе Барандовски	1. Мерење на радиоактивноста 2. Радијациона физика, дозиметрија и заштита од јонизирачко зрачење	I или II I или II
18.	Проф. д-р Ристе Попески – Димовски	1. Физика на меки материјали 2. Спектроскопија	I или II I или II
19.	Доц. д-р Јана Богданоска	1.Методологија на научно-истражувачката работа од областа (50%) 2. Формирање и еволуција на галаксии	I I
20.	Проф. д-р Катерина Дрогрешка	1. Сеизмотектонски параметри и сеизмичка активност на расед	I или II
21.	Проф. д-р Јасмина Најдовска	1. Одбрани делови од сеизмологија	I или II
22.	Проф. д-р Трифче Сандев	1. Стохастички процеси во комплексни системи (50%) 2. Примена на фракциското сметање во физиката (50%)	I или II I или II
23.	Проф. д-р Љупчо Коцарев	1. Статистичка физика на комплексни мрежи 2. Биофизички модели	I или II I или II
24.	Проф. д-р Владо Лазаров	1. Квантен транспорт (50%) 2. Спинтроника (50%)	I или II I или II
25.	Проф. д-р Томислав Станковски	1. Нелинеарни осцилации и интеракции 2. Анализа на сигнали од нелинеарни динамички системи	I или II I или II
26.	Доц. д-р Душко Лукарски	1. Современи методи во радиотерапијата (50%) 2. Физички принципи на напредните имиџинг техники во медицината (50%)	I или II I или II

11. Список на акредитирани ментори согласно член 136 став 8 од Закон за високо образование (“Службен весник на Република Македонија”, бр.82/2018)

Табела 11.1 Список на акредитирани ментори

Ред. бр.	Акредитиран ментор	Наставно-научно звање на менторот	Број и датум на решение за акредитација на ментор
1.	д-р Мимоза Ристова	Редовен професор	1409-412/8 21.03.2018
2.	д-р Атанас Танушевски	Редовен професор	1409-329/2 26.07.2019
3.	д-р Гордана Апостоловска	Редовен професор	1409-412/6 21.03.2018
4.	д-р Сузана Топузоски	Редовен професор	1409-412/3 21.03.2018

5.	д-р Олгица Кузмановска	Редовен професор	1409-311/2 10.05.2018
6.	д-р Александар Ѓурчиновски	Редовен професор	1409-412/4 21.03.2018
7.	д-р Ирина Петреска	Редовен професор	1409-412/5 21.03.2018
8.	д-р Александар Скепаровски	Редовен професор	1409-412/7 21.03.2018
9.	д-р Ристе Попески-Димовски	Редовен професор	08-202/7 17.02.2021
10.	д-р Ламбе Барандовски	Редовен професор	08-202/7 17.02.2021
11.	д-р Даница Крстовска	Редовен професор	08-286/4 18.03.2021
12.	д-р Ненад Новковски	Редовен професор	08-46/5 11.03.2025
13	д-р Владо Спиридонов	Редовен професор	08-513/4 20.10.2025

*Се пополнува доколку се бара реакредитација на студиска програма

Табела 11.2. Список на поднесени барања за акредитација на ментор

Ред. бр.	**Наставник**	**Наставно-научно звање**	**Број и датум на барањето од единицата за акредитација на ментор[1]**
1	НЕМА		
2			
3			
4			

*Се пополнува доколку се бара акредитација на нова студиска програма

12. Список на научно-истражувачки проекти со кои се опфатени најмалку 20% од наставниот кадар

Табела 12.1 Список на наставници и научно-истражувачки проекти

Ред. бр.	**Наставник**	**Назив на научно-истражувачки проект**	**Научно истражувачко подрачје во кое потпаѓа проектот**	**Година на реализација**
1.	Проф. д-р Мимоза Ристова	SEEIIST – Техничка фаза за создавање на Меѓународен Институт за одржливи технологии за земјите од Југоисточна Европа	Природно-математички науки	2020-2025 CERN (Европска Комисија)
2.	Проф. д-р Ирина Петреска	Моделирање на аномалната динамика и заробувањето на честички во хетерогени средини: класичен и квантен пристап	Природно-математички науки	2024-2025 Билатерален проект МОН – Австрија

[1] Се наведува архивскиот број под кој е заверено барањето за акредитација на ментор во високообразовната институција што го поднесува барањето

3.	Проф. д-р Ирина Петреска	Симулирање и оптимална контрола на наномотори	Природно-математички науки	2022-2023 Билатерален проект МОН – Австрија
4.	Проф. д-р Ирина Петреска	Diffusion and random search in heterogeneous media: theory and applications	Природно-математички науки	2021-2024 DFG, Германија
5.	Проф. д-р Ирина Петреска	Транспорт на полнежи во молекулски кластери: модели и симулации	Природно-математички науки	2018-2020 Билатерален проект МОН – Австрија
6.	Проф. д-р Ирина Петреска	Молекули во нанокафези и нанореактори, динамика, спектроскопски својства и реактивност преку хибриден статистичко физички-квантномеханички пристап	Природно-математички науки	2018-2020 Билатерален проект МОН – Австрија
7.	Проф. д-р Ненад Новковски	Multilayered high-k dielectric structures for application in non-volatile flash memories, coordinator	Природно-математички науки	2019 – 2020 Бугарски национален фонд за наука
8.	Проф. д-р Ненад Новковски	Мемориски својства на мултислојни HfO_2/Al_2O_3 структури добиени со депозиција на атомски слоеви	Природно-математички науки	2019 – 2020 УКИМ
9.	Проф. д-р Владо Спиридонов	ПМ Аларм - Софистициран систем за прогноза на аерозагадувањето	Природно-математички науки	МЖСПП/2020
10.	Проф. д-р Владо Спиридонов	Студија за просторен план 2021-2040” Климатски промени за просторниот план на Република Северна Македонија	Природно-математички науки	01.09.2022-01.06.2024 Агенција за планирање на просторот
11.	Проф. д-р Владо Спиридонов	ПМ Аларм - Софистициран систем за прогноза на аерозагадувањето	Природно-математички науки	13.02.2020 МЖСПП-План за чист воздух за 2020 год.
12.	Проф. д-р Гордана Апостоловска	COST Action CA22123, The birth of solar systems (PLANETS)	Природно-математички науки	26.09.2023-27.09.2027 COST
13.	Проф. д-р Гордана Апостоловска	COST Action CA18104 Revealing the Milky Way with Gaia (MW Gaia)	Природно-математички науки	
14.	Проф. д-р Сузана Топузоски	Control of laser beam parameters using approaches from the linear and nonlinear singular optics	Природно-математички науки	11. 2023 - Sofia University “St. Kliment Ohridski”, Bulgarian National Science Fund
15.	Проф. д-р Сузана Топузоски	COST Action CA22148, An international network for Non-linear Extreme Ultraviolet to hard X-ray techniques (NEXT).	Природно-математички науки	17.10.2023 – 16.10.2027 COST

16.	Проф. д-р Даница Крстовска	COST Action CA21144, Superconducting nanodevices and quantum materials for coherent manipulation (SUPERQUMAP)	Природно-математички науки	6.10.2022-5.10.2026 COST
17.	Проф. д-р Даница Крстовска	COST Action CA22113, Fundamental challenges in theoretical physics (THEORY-CHALLENGES)	Природно-математички науки	10.10.2023-9.10.2027 COST
18.	Проф. д-р Александар Скепаровски	COST Action CA22113, Fundamental challenges in theoretical physics (THEORY-CHALLENGES)	Природно-математички науки	10.10.2023-9.10.2027 COST
19.	Проф. д-р Александар Скепаровски	Multilayered high-k dielectric structures for application in non-volatile flash memories, coordinator	Природно-математички науки	2019 – 2020 Бугарски национален фонд за наука
20.	Проф. д-р Александар Скепаровски	Мемориски својства на мултислојни HfO_2/Al_2O_3 структури добиени со депозиција на атомски слоеви	Природно-математички науки	2019 – 2020 УКИМ
21.	Вон. Проф. д-р Јасмина Најдовска	International projects, "MOBNET" *in AdriaArray,* Epos and Orfeus	Природно-математички науки	2022-2025
22.	Вон. Проф. д-р Јасмина Најдовска	Природни и техничко-технолошки катастрофи	Природно-математички науки	2022-2024, Агенција за планирање на просторот
23.	Вон. Проф. д-р Јасмина Најдовска	Природни карактеристики ППРСМ (2021-2040)	Природно-математички науки	2023-2024, Агенција за планирање на просторот
24.	Вон. Проф. д-р Јасмина Најдовска	"Digital Democracy Cooperation" Project	Природно-математички науки	2019-2023 Агенција за катастар на недвижности – Скопје и Лантматериет (Шведскиот катастар)
25.	Вон. Проф. д-р Јасмина Најдовска	Мапирање на потенцијални геохазарди со посебен акцент на сеизмолошки податоци	Природно-математички науки	2025-2026, МОН
26.	Вон. Проф. д-р Катерина Дрогрешка	International projects, "MOBNET" *in AdriaArray,* Epos and Orfeus	Природно-математички науки	2022-2025
27.	Вон. Проф. д-р Катерина Дрогрешка	Мапирање на потенцијални геохазарди со посебен акцент на сеизмолошки податоци	Природно-математички науки	2025-2026, МОН
28.	Вон. Проф. д-р Катерина Дрогрешка	Природни и техничко-технолошки катастрофи	Природно-математички науки	2022-2024, Агенција за планирање на просторот

29.	Вон. Проф. д-р Катерина Дрогрешка	Природни карактеристики ППРСМ (2021-2040)	Природно-математички науки	2023-2024, Агенција за планирање на просторот
30.	Вон. Проф. д-р Катерина Дрогрешка	“Digital Democracy Cooperation” Project	Природно-математички науки	2019-2023 Агенција за катастар на недвижности – Скопје и Лантматериет (Шведскиот катастар)
31.	Насловен вон. проф. д-р Трифче Сандев	Estimation, Control and Optimization of Networed Coupled Dynamical Systems	Природно-математички науки	2023-2025 Alliance of International Science Organizations – ANSO
32.	Насловен вон. проф. д-р Трифче Сандев	Modeling of anomalous dynamics and particles trapping in heterogeneous media: classical and quantum approach	Природно-математички науки	2024-2026 Билатерален македонско-австриски проект
33.	Насловен вон. проф. д-р Трифче Сандев	Diffusion and random search in heterogeneous media: theory and applications	Природно-математички науки	2021-2024 Германска фондација за истражувања - DFG
34.	Насловен вон. проф. д-р Трифче Сандев	Modeling propagation of contamination particles	Природно-математички науки	2020-2021 Билатерален македонско-кинески проект
35.	Насловен вон. проф. д-р Трифче Сандев	Statistical Mechanics of diffusion processes in disordered media	Природно-математички науки	2020 – 2022 Alexander von Humboldt Foundation
36.	Доцент д-р Јана Богданоска	Воведување стандардни тестови по физика во основно образование	Природно-математички науки	2021-2023. Институт за физика, ПМФ и МОН
37.	Доцент д-р Јана Богданоска	COST Action CA21136, Addressing observational tensions in cosmology with systematics and fundamental physics	Природно-математички науки	21.10.2022-20.10.2026 COST

Табела 12.2. Табеларен приказ на број на наставници и научно-истражувачки проекти

Ред. број	**Категорија**	**Број на наставници**
1	Вкупен број на наставници на високообразовната установа	27
2	Вкупен број на наставници вклучени во реализација на научноистражувачки проекти	12

3.	Процентуално учество на наставниците вклучени во реализација на научноистражувачки проекти во однос на вкупниот број наставници	44%

13. Податоци за рангирањето на високообразовната установа која бара акредитација на студиската програма

Табела 13. Табеларен приказ за местото на високообразовната установа подносител на барањето на акредитација на општата ранг-листата на рангирани универзитети

За 2024-та достапни се различни метрики изработени од истражувачки организации во Европа и светот. Таква е Webometrics Ranking of World Universities, на чија листа УКИМ е на првото место. Достапно на https://www.webometrics.info/en/Europe/North%20Macedonia?page=0
За 2024-та достапни се различни метрики изработени од истражувачки организации во Европа и светот. Таква е Webometrics Ranking of World Universities, на чија листа УКИМ е на првото место.

Достапно на https://www.webometrics.info/en/Europe/North%20Macedonia?page=0

Macedonian HEIs Ranking 2015-2016

Ranking | Methodology

The 2015-16 Ranking of Macedonian Higher Education Institutions (HEIs) was commissioned by the Ministry of Education and Science of the Republic of Macedonia in 2015 and released on March 1, 2017. Nineteen qualified HEIs are included in the ranking. The ranking used 21 indicators of academic performance and competitiveness, covering core missions of HEIs such as teaching, research and social service. Following the successful release of the ranking in 2012 and 2014, this is the third time that the ranking is compiled, which is expected to continuously contribute to the transparency, quality, and efficiency of Macedonian HEIs.

Overall Rank	Institution	Total Score	Score on Teaching & Learning	Score on Research	Score on Social Service
1	University Ss. Cyril and Methodius – Skopje	100	81.2	100	8.7
2	University "Goce Delcev" – Stip	97.3	66.2	68.3	100
3	University for Computer Science and Information Technology "Ss. Apostle Paul" – Ohrid	94.5	70.7	79.5	54
4	Southeast Europe University - Tetovo	93.3	78.1	88.6	9.9
5	University "American College" - Skopje	82.1	78.4	65.1	3.2
6	International Balkan University – Skopje	81.7	100	26.5	7.5
7	University "Ss. Kliment Ohridski" – Bitola	74.6	70.3	59.1	5.7

https://mk.h-index.com/mk

Реден број	Назив на високообразовната установа
1.	Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
3.	Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
4.	Универзитет на Југоисточна Европа

5.	Државен универзитет во Тетово
6.	Универзитет „Св Климент Охридски“ - Битола
7.	Универзитет за информатички науки и технологии "Св. Апостол Павле"

14. Список на обезбеден потребен број лица на ненаставен кадар, согласно член 13 од Правилникот за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр 245/22)

